


**ПРЕСПА ВО ДЕЛАТА НА СЛАВЕ КАТИН**

Во издание на Книгоиздателството „*Македонска искра*“ од Скопје излезе од печат публикацијата „*Преспанска разгледница*“ на Славе Катин. Во неа на 420 страници се објавени педесеттина репортажи од доживувањата, активнотите, историските податоци, посетите, бројните културно

историски настани и други текстови кои се однесуваат на родната Преспа на авторот. Таа е 62. дело на Славе Катин почнувајќи од неговото прво издание „*Англиско-македонски лимнолошки речник“,* што го издаде Хидробиолошкиот завод од Охрид во 1986 година, па до денес.

Во публикацијата е поценцирано декаСлаве Николовски-Катин или како што е познат само како Славе Катин е голем вљубеник во својата родна Преспа, во Македонија и македонскиот народ, како и во македонската дијаспора. Тој е познат на македонската и на меѓународната јавност по неговите бројни публикации, новинарски и научни трудови кои се посветени, главно на животот на Македонците во светот.

Исто така, неговата работа се однесува и на низа други аспекти поврзани со македонската дијаспора, како и со културата, литературата, јазикот, историјата, журналистиката и посебно религијата.

Славе Катин не припаѓа на политичка партија, бидејќи тој е припадник на етничка Македонија, на Македонците во дијаспората и на Македонската православна црква - Охридска архиепископија (МПЦ - ОА), која како институција игра значајна улога во опфаќањето и сплотеноста на Македонците надвор од Македонија, особено во прекуокеанските земји и насекаде во светот.

Во делото „*Преспанска разгледница“* Славе Катин пишува за Преспа како значаен дел на Македонија, за Македонците од поделена Македонија, особено за минатото и сегашноста на етничка Преспа. Затоа, да се пишува за Преспа е одговорна задача, но истовремено причинува големо задоволство.

Во ова време на светска глобализација прекрасно е чувството кога ќе се најде на едно место дел од една историска вистина за настаните, личностите, за минатото, сегашноста и иднината на еден убав македонски крај од незаборавот кој се вика Преспа.





**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**